# Гарабет Тавитјан со награда за животно дело на "Златна буба мара"

Легендарниот тапанар Гарабет Тавитјан ќе ја добие наградата за животно дело на манифестацијата "Златна буба мара на популарноста", која ќе се одржи на 25 февруари во Универзалната сала.

Ранко Петровиќ, режисерот на настанот, вели дека наградата за животно дело е единствениот дел од сценариото што ќе го открие. Останатата програма се држи во тајност, а Петровиќ само кратко вели дека ќе биде шоу за античките и словенските Македонци направено според европските принципи.

Гаро, како добитник на наградата, ќе има свој специјален сет на тапани, најверојатно во придружба на некој од останатите учесници. Од ланската "Златна буба мара" остана запаметен настапот на Гаро и на Калиопи со песната "Едно име имаме", преработка на познатата тема од Јонче Христовски.

Актерот Сашко Коцев, актуелен како партнер на Весна Бејби во новиот циклус на "Вртелешка", ќе биде водител на шоуто.

*(М.Ц.)*



*Од ланскиот настап на Гаро и на Калиопи со "Едно име имаме"*

